26.11.2026

ЗАРАТУСТРА

Диригент:
Конрад ван Алфен (Холандија)
Солист:
Матилда Лојд, труба (Велика Британија)

Програма:
А. Арутјуњан: Концерт за труба и оркестар во Ас-дур
– Andantemaestoso
– Allegro energico
– Meno mosso
– Tempo I
– Meno mosso
– Tempo I
– Cadenza & Coda

-пауза-

Р. Штраус: „Така говореше Заратустра“, оп. 30

– Вовед, или Изгрејсонце (Einleitung, oder Sonnenaufgang)
– За жителите на затсветовите (Von den Hinterweltlern)
– За големата копнежливост (Von der großen Sehnsucht)
– За радостите и страстите (Von den Freuden und Leidenschaften)
– Песна над гробот (Das Grablied)
–За науката (Von der Wissenschaft)
–Оздравувачот (Der Genesende)
–Танцова песна (Das Tanzlied)
–Песна на ноќниот скитник (Das Nachtwandlerlied)

Конрад ван Алфен е етаблиран холандско-јужноафрикански диригент, познат по својот инспиративен и енергичен пристап кон работата со оркестрите. Неговата популарност кај музичарите и публиката произлегува од посебниот начин на кој ги води пробите и концертните изведби.
Тој е уметнички директор и шеф-диригент на Симфонискиот оркестар во Ротердам, кој во изминатите 16 години го издигнал на меѓународно признато ниво, со редовни концертни серии во Ротердам, Хаг и Амстердам, како и со турнеи во Русија, Мексико, Бразил, Колумбија и Чиле. Од 2005 до 2009 година е шеф-диригент на Државниот симфониски оркестар „Сафонов“ во Русија, каде што ја доби наградата за придонес во културата на Јужна Русија.
Во моментов е уметнички директор на Московското филхармониско здружение, каде што редовно диригира во салата „Чајковски“, а често настапува и како гостин диригент во Санкт Петербург и Новосибирск. Во својата кариера диригирал со оркестри низ Европа, Азија, Африка и Америка, а неодамна успешно дебитирал со Филхармониският оркестар во Брисел, „Симфоникер“ во Бохум и оркестарот „Светланов“ во Москва.

Роден во 1963 година во Преторија, Ван Алфен по завршувањето на музичките студии се преселил во Холандија, каде што работел како контрабасист и паралелно студирал диригирање кај Ери Клас и Роберто Бензи.

Во 2026 година, Матилда Лојд станала првата трубачка, добитничка на наградата за млад уметник на Кралското филхармониско друштво (Royal Philharmonic Society Young Artist Award), признание за нејзината извонредна музикалност и посветеноста на инспирирањето на младите музичари. Списанието BBC Music Magazine ја опиша како „трубачка од исклучителен формат“.

Како истакнато име на современата класична музичка сцена, Матилда настапува со водечки оркестри и ансамбли ширум светот. Во сезоната 2025/26 ја реализираше својата прва турнеја во Азија, а настапи и на фестивалите Schleswig-Holstein, Zagreb Classic и Bregenz Summer Festival. Во сезоната 2026/27 ја очекуваат деби-настап во Канада, концерти со реномирани европски оркестри и турнеја во Холандија со ансамблот The Gesualdo Six.
Нејзината дискографија за Chandos Records опфаќа широк репертоар, од барокна до современа музика. Меѓу позначајните изданија се албумите Resonance, Casta Diva и Fantasia. Посветеноста на современото творештво се огледа и во соработките со композитори и нарачувањето нови дела за труба.

Покрај концертната кариера, Матилда е посветена на образованието и менторството на младите музичари. Предава труба на Trinity Laban Conservatoire во Лондон, води мајсторски курсеви и, како амбасадорка на организацијата Brass for Africa, ја поддржува музиката како средство за општествена промена.
Дипломирала на Trinity College во Кембриџ и на Кралската академија за музика, а се усовршувала кај трубачот Хокан Харденбергер во Малме. Во 2014 година ја освоила првата награда во дувачката категорија на BBC Young Musician, а во 2016 година дебитирала на BBC Proms. Во 2024/25 била избрана за ECHO Rising Star, а во 2026 година ја добила титулата Associate of the Royal Academy of Music (ARAM). Матилда живее и работи во Берлин и е Yamaha Artist.

Концерт за труба и оркестар во Ас-дур
АЛЕКСАНДАР АРУТЈУЊАН
(23 септември 1920, Ереван, Ерменија – 28 март 2012, Ереван, Ерменија)
Премиера: Концертот за труба и оркестар, компониран во 1950 година, премиерно го извел трубачот Ајказ Меслајан во Москва истата година. Делото подоцна стекнало светска популарност благодарение на интерпретациите на виртуозот Тимофеј Докшицер, кој ја напишал и каденцата што најчесто се изведува денес.

Александар Арутјуњан е еден од најзначајните ерменски композитори на 20 век. Своето музичко образование го започнал на Конзерваториумот во Ереван, а по Втората светска војна продолжил да студира композиција на Московскиот конзерваториум, каде што работел со истакнати педагози како Иља Литински, Виктор Цукерман и Николај Пејко. Неговото творештво е длабоко проникнато со музичката традиција на Ерменија, особено со нејзината мелодика, ритмичка енергија и специфичниот модален колорит.
Концертот за труба во Ас-дур, создаден во 1949/1950 година, е едно од неговите најпознати и најизведувани дела и денес претставува составен дел од светскиот репертоар за труба. Концерт е всушност, едноделна композиција, но внатрешно е организирана во седум контрастни, меѓусебно поврзани отсечоци, кои се изведуваат без прекин: Andante maestoso – Allegro energico – Meno mosso – Tempo I – Meno mosso – Tempo I – Cadenza e Coda. Оваа форма му овозможува на композиторот постојано да ја менува атмосферата – од свечена и драматична, преку виртуозна и енергична, до интимна и лирска, за на крајот да кулминира во блескава виртуозна завршница.
Веќе во почетокот е воспоставен карактеристичниот драмски дијалог меѓу солистот и оркестарот. Трубата се појавува со јасно профилиран мотив над темниот треперлив звук на ниските гудачи, поставувајќи ја солистичката фигура во преден план. Следниот енергичен дел носи нагласена ритмичка динамика и виртуозност, со брзи пасажи и сложена артикулација, вклучително и употреба на двојно и единечно јазичење. Солистичката линија постојано ја испитува техничката и изразната граница на инструментот, но виртуозноста кај Арутјуњан никогаш не е само демонстрација на техника – таа е интегрален дел од драматургијата на музиката.
Особено впечатлив е лирскиот средишен сегмент, во кој трубата добива сосема поинаков карактер. Наместо блескавата, фанфарна звучност, таа се појавува како исклучително певлив и интимен инструмент. Долгите мелодиски фрази, поставени над меката оркестарска текстура, ја откриваат чувствителната страна на музичкиот израз на Арутјуњан. Овој контраст меѓу виртуозното и лирското е еден од клучните елементи на целото дело.
Во еден од најспокојните моменти на Концертот, солистот настапува со придушник, создавајќи потемна и понежна звучна боја. Оркестарот развива пулсирачка, синкопирана текстура, додека трубата изнесува мелодија со меланхоличен и речиси вокален карактер. Овој дел претставува своевидна оддишка по претходната виртуозна експлозивност, но истовремено ја продлабочува драматичната линија на композицијата.
Во завршниот дел повторно се враќа енергичниот тематски материјал. Следува постепено забрзување и интензивирање на музичкиот тек, кое води кон каденцата и кодата. Токму тука Арутјуњан ги концентрира најголемите технички предизвици за солистот: брзи пасажи, прецизна артикулација, голем тонски распон, контрола на здивот и изразна сигурност во високите регистри. Кулминацијата е проследена со моќен дијалог меѓу солистот и оркестарот, по што делото завршува со впечатлива, триумфална енергија.
Иако во Концертот нема директно преземени ерменски народни мелодии, влијанието на ерменската музичка традиција е суштинско за неговиот карактер. Тоа се чувствува во мелодиските свијоци, модалниот јазик, ритмичката живост и особено во употребата на карактеристични интервалски односи, меѓу кои и зголемената секунда. Во мелодиката се препознава и влијанието на традицијата на ерменските ашуци – импровизациската слобода, експресивното фразирање и вокалниот пристап кон мелодијата.
Токму во спојот на ерменскиот музички колорит со европската концертантна традиција лежи особената привлечност на ова дело. Арутјуњан создава музика која е истовремено виртуозна и лирска, свечена и темпераментна, длабоко вкоренета во националната традиција, но универзална во својот израз.
Концертот за труба во Ас-дур денес е едно од најзначајните дела од репертоарот за труба и често се изведува на концерти, натпревари и аудиции на престижни музички академии и конзерваториуми ширум светот. Неговата трајна популарност се должи на исклучителната рамнотежа меѓу техничката виртуозност, богатиот оркестарски колорит и силната, непосредна мелодиска експресија.
Во ова дело трубата не е само виртуозен солистички инструмент – таа станува носител на целата драмска и емотивна приказна. Од свечениот почеток, преку огнената енергија и интимните лирски моменти, до блескавата финална кулминација, Арутјуњан создава концерт кој со својата непосредност и звучна раскош продолжува да го освојува и современиот слушател.

Симфониска поема: „Така говореше Заратустра“, оп. 30

РИХАРД ШТРАУС
(11 јуни 1864, Минхен, Германија – 8 септември 1949, Гармиш-Партенкирхен, Германија)
Премиера: Симфониската поема премиерно е изведена на 27 ноември 1896 година во Франкфурт, под диригентство на самиот Рихард Штраус.

Една од најпознатите филмски сцени на сите времиња, „сцената со мајмунот“, со која стартува почетокот на култниот научнофантастичен филм на Стенли Кјубрик „Одисеја 2001“, е „озвучена“ со почетокот на симфониската поема „Така зборуваше Заратустра“ на германскиот композитор Рихард Штраус.

Во африканска пустина, мајмуните наидуваат на монолит. Во тој кадар се гледа како мајмунот од својата земјена перспектива, на врвот од монолитот, ги гледа Сонцето и Месечината заедно. Во овој кадар, Кјубрик ја поставува основата на целиот филм... Кој, всушност, не би ја знаел мелодијата на трубата која полека се издигнува и со секој такт станува сè погласна, за врвот да го достигне со ударите на тимпанот. Тоа е „Изгрејсонце“. Рихард Штраус со сугестивни тонови од т.н. природен мотив создава музичка интерпретација на истоименото текст на германскиот филозоф Фридрих Ниче. Почетната тема е во Це-дур, кој го означува во овој дел космосот, универзумот, и тоа се три основни тонови C-G-C (тоника, доминанта, па тоника во октава) кои ја симболизираат човековата еволуција во три сфери – Земја, Сонце и Месечина.

„Изгрејсонце“ денес важи за еден од најгенијалните почетоци на некое дело во целокупната историја на музиката и, наедно, најпрепознатлив. Композиторот создал со оваа творба нова музика што повикува и на нова музичка ера во која, кога станува збор за техника на оркестрирање, го надминува сето она што дотогаш било замислено, вклучувајќи го и Вагнер. Инаку, делото на Ниче (1885) зборува за стариот шаман кој се спушта од својата планина меѓу народот со желба да научи нешто од луѓето и да им го подари своето знаење. Кога се спушта во селото, наидува на разни луѓе од кои ги дознава нивните тајни. Всушност, тој е во потрага по човек рамен на себеси, но многумина не ја разбираат неговата филозофија. По разговорот со нив, тој се прашува: „Зарем е можно луѓето сè уште да не знаат дека Бог е мртов?“.

Заратустра е германска верзија на името на персискиот пророк Зороастра, основачот на зороастризмот кој силно влијаел на јудаизмот и потоа на христијанството, но Ниче покажува нов и поинаков Заратустра, кој традиционалниот морал го врти наопаку. Затоа и поемата на Штраус во филмот на Кјубрик не е случајно избрана, со оглед на тоа дека низ целиот филм се преиспитува човечкиот однос кон Бога. И понатаму, во целата музичка приказна на Штраус се провлекуваат многу прашања меѓу кои и тоа дали науката ќе даде утеха во разбирање на суштината на нештата. Суштината на филозофскиот аспект, поточно, ја наоѓаме во „Танцова песна“ (Das Tanzlied), во која во играта човекот го надвладува духот и во апотеозата на духот ослободител човекот станува натчовек.

Темите на верата, науката, радоста, страста, природата постојано се присутни низ разните музички мотиви и сите во себе го имаат копнежот што се крие во бескрајот на вселената. До крајот на својот живот, Штраус бил убеден во својата големина како уметник, како и во тоа дека е последниот композитор на западната музичка традиција. Поради неговото одбивање на атоналната и дванаесеттонската музика, критиката остро го напаѓала, но тој одлучно продолжил да пишува во доцноромантичарски манир.

Текстови: Тина Иванова, музиколог

СЛЕДНА ПРОГРАМА:
19.12.2026
НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ ЗА ДЕЦА
24.12.2026
ГАЛА-НОВОГОДИШЕН СИМФОНИСКИ КОНЦЕРТ „ТРИ ТЕНОРИ“
Диригент:
Атилио Томазело (Италија)
Солисти:
Благој Нацоски, тенор (РС Македонија)
Јосиф Џузепе Џипали, тенор (Албанија, Италија)
Кастриот Туша, тенор (Албанија)
Дешира Крлиу, сопран (РС Македонија)
Програма:
Популарни арии од класичната оперска литература

26.11.2026

ZARATHUSTRA

Dirigjent:
Conrad van Alphen (Holandë)
Soliste:
Matilda Lloyd, trumbetë (Britani e Madhe)

Programi:
A. Arutjunjan: Koncert për trumbetë dhe orkestër në La bemol maxhor
– Andante maestoso
– Allegro energico
– Meno mosso
– Tempo I
– Meno mosso
– Tempo I
– Cadenza & Coda
– pushim –
R. Strauss: "Kështu foli Zarathustra", op. 30
– Hyrje, ose Lindja e diellit (Einleitung, oder Sonnenaufgang)
– Për banorët e botëve të përtejme (Von den Hinterweltlern)
– Për mallin e madh (Von der großen Sehnsucht)
– Për gëzimet dhe pasionet (Von den Freuden und Leidenschaften)
– Kënga e varrit (Das Grablied)
– Për shkencën (Von der Wissenschaft)
– I shëruari (Der Genesende)
– Kënga e vallëzimit (Das Tanzlied)
– Kënga e endacakut të natës (Das Nachtwandlerlied)

Conrad van Alphen është një dirigjent i afirmuar holandezo-afrikanojugor, i njohur për qasjen e tij frymëzuese dhe energjike në punën me orkestrat. Popullariteti i tij te muzikantët dhe publiku buron nga mënyra e veçantë se si i drejton provat dhe interpretimet koncertale.
Ai është drejtor artistik dhe kryedirigjent i Orkestrës Simfonike të Roterdamit, të cilën gjatë 16 viteve të fundit e ka ngritur në një nivel të njohur ndërkombëtarisht, me cikle të rregullta koncertesh në Roterdam, Hagë dhe Amsterdam, si dhe me turne në Rusi, Meksikë, Brazil, Kolumbi dhe Kili. Nga viti 2005 deri në vitin 2009 ka qenë kryedirigjent i Orkestrës Simfonike Shtetërore "Safonov" në Rusi, ku mori çmimin për kontributin në kulturën e Rusisë Jugore.

Aktualisht është drejtor artistik i Shoqatës Filarmonike të Moskës, ku dirigjon rregullisht në sallën "Çajkovski", ndërsa shpesh paraqitet edhe si dirigjent i ftuar në Shën-Petërburg dhe Novosibirsk. Gjatë karrierës së tij ka dirigjuar orkestra në Evropë, Azi, Afrikë dhe Amerikë, ndërsa së fundmi ka debutuar me sukses me Orkestrën Filarmonike të Brukselit, Orkestrën Simfonike të Bohumit dhe Orkestrën "Svetlanov" në Moskë.
I lindur në vitin 1963 në Pretoria, Van Alphen, pas përfundimit të studimeve muzikore, u shpërngul në Holandë, ku punoi si kontrabasist dhe paralelisht studioi dirigjim te Eri Klas dhe Roberto Benzi.

Në vitin 2026, Matilda Lloyd u bë trumbetistja e parë fituese e Çmimit për Artistin e Ri të Shoqatës Mbretërore Filarmonike (Royal Philharmonic Society Young Artist Award), si vlerësim për muzikalitetin e saj të jashtëzakonshëm dhe përkushtimin për të frymëzuar muzikantët e rinj. Revista BBC Music Magazine e përshkroi si "një trumbetiste të një kalibri të jashtëzakonshëm".

Si një emër i spikatur i skenës bashkëkohore të muzikës klasike, Matilda interpreton me orkestra dhe ansamble të shquara anembanë botës. Gjatë sezonit 2025/26 realizoi turneun e saj të parë në Azi, si dhe u paraqit në festivalet Schleswig-Holstein, Zagreb Classic dhe Bregenz Summer Festival. Në sezonin 2026/27 e presin debutimi në Kanada, koncerte me orkestra të njohura evropiane dhe një turne në Holandë me ansamblin The Gesualdo Six.
Diskografia e saj për Chandos Records përfshin një repertor të gjerë, nga muzika baroke deri te ajo bashkëkohore. Ndër botimet më të rëndësishme janë albumet Resonance, Casta Diva dhe Fantasia. Përkushtimi ndaj krijimtarisë bashkëkohore pasqyrohet edhe në bashkëpunimet me kompozitorë dhe porositjen e veprave të reja për trumbetë.
Krahas karrierës koncertale, Matilda i përkushtohet arsimimit dhe mentorimit të muzikantëve të rinj. Ajo jep mësim për trumbetë në Trinity Laban Conservatoire në Londër, udhëheq kurse mjeshtërie dhe, si ambasadore e organizatës Brass for Africa, e mbështet muzikën si mjet për ndryshim shoqëror.
Është diplomuar në Trinity College të Kembrixhit dhe në Akademinë Mbretërore të Muzikës, ndërsa është përsosur te trumbetisti Håkan Hardenberger në Malmö. Në vitin 2014 fitoi çmimin e parë në kategorinë e instrumenteve frymore në konkursin BBC Young Musician, kurse në vitin 2016 debutoi në BBC Proms. Në sezonin 2024/25 u përzgjodh si ECHO Rising Star, ndërsa në vitin 2026 mori titullin Associate of the Royal Academy of Music (ARAM). Matilda jeton dhe punon në Berlin dhe është Yamaha Artist.

Koncert për trumbetë dhe orkestër në La bemol maxhor
ALEKSANDËR ARUTJUNJAN
(23 shtator 1920, Jerevan, Armeni – 28 mars 2012, Jerevan, Armeni)

Premiera: Koncerti për trumbetë dhe orkestër, i kompozuar në vitin 1950, u interpretua për herë të parë nga trumbetisti Ajkaz Meslajan në Moskë po atë vit. Vepra më vonë fitoi popullaritet botëror falë interpretimeve të virtuozit Timofej Dokshicer, i cili shkroi edhe kadencën që interpretohet më shpesh sot.
Aleksandër Arutjunjan është një nga kompozitorët më të rëndësishëm armenë të shekullit XX. Arsimin muzikor e nisi në Konservatorin e Jerevanit, ndërsa pas Luftës së Dytë Botërore vazhdoi studimet për kompozim në Konservatorin e Moskës, ku punoi me pedagogë të shquar si Ilja Litinski, Viktor Cukerman dhe Nikolaj Pejko. Krijimtaria e tij përshkohet thellësisht nga tradita muzikore e Armenisë, veçanërisht nga melodika, energjia ritmike dhe koloriti i saj i veçantë modal.

Koncerti për trumbetë në La bemol maxhor, i krijuar në vitet 1949/1950, është një nga veprat e tij më të njohura e më të interpretuara dhe sot përbën pjesë të pandashme të repertorit botëror për trumbetë. Koncerti është, në të vërtetë, një kompozim me një kohë të vetme, por nga brenda organizohet në shtatë seksione kontrastuese e të ndërlidhura, të cilat interpretohen pa ndërprerje: Andante maestoso – Allegro energico – Meno mosso – Tempo I – Meno mosso – Tempo I – Cadenza e Coda. Kjo formë i mundëson kompozitorit ta ndryshojë vazhdimisht atmosferën: nga solemne dhe dramatike, përmes asaj virtuoze dhe energjike, deri tek ajo intime dhe lirike, për të kulmuar në fund me një përmbyllje të shkëlqyer virtuoze.

Që në fillim vendoset dialogu karakteristik dramatik mes solistit dhe orkestrës. Trumbeta shfaqet me një motiv të profilizuar qartë mbi tingullin e errët e drithërues të instrumenteve harkore në regjistrin e ulët, duke e vendosur figurën e solistit në plan të parë. Seksioni energjik që vijon sjell një dinamikë ritmike dhe virtuozitet të theksuar, me pasazhe të shpejta dhe artikulim kompleks, përfshirë përdorimin e artikulimit të dyfishtë dhe të thjeshtë me gjuhë. Linja solistike vë vazhdimisht në provë kufijtë teknikë dhe shprehës të instrumentit, por virtuoziteti tek Arutjunjani nuk është kurrë vetëm demonstrim teknik: ai është pjesë përbërëse e dramaturgjisë muzikore.
Veçanërisht mbresëlënës është seksioni lirik qendror, në të cilin trumbeta merr një karakter krejt tjetër. Në vend të tingëllimit të shkëlqyer të fanfarës, ajo shfaqet si një instrument jashtëzakonisht melodioz dhe intim. Frazat e gjata melodike, të vendosura mbi një tekstur të butë orkestrale, zbulojnë anën e ndjeshme të shprehjes muzikore të Arutjunjanit. Ky kontrast mes virtuozes dhe lirikes është një nga elementet kyçe të të gjithë veprës.

Në një nga çastet më të qeta të Koncertit, solisti interpreton me sordinë, duke krijuar një ngjyrë tingullore më të errët dhe më të butë. Orkestra zhvillon një tekstur pulsuese dhe të sinkopuar, ndërsa trumbeta shpalos një melodi me karakter melankolik dhe pothuajse vokal. Ky seksion përbën një lloj frymëmarrjeje pas shpërthimit virtuoz të mëparshëm, por njëkohësisht e thellon vijën dramatike të kompozimit.
Në pjesën përfundimtare rikthehet materiali tematik energjik. Vijon një përshpejtim dhe intensifikim gradual i rrjedhës muzikore, që çon drejt kadencës dhe kodës. Pikërisht këtu Arutjunjani përqendron sfidat më të mëdha teknike për solistin: pasazhe të shpejta, artikulim të saktë, diapazon të gjerë tingullor, kontroll të frymëmarrjes dhe siguri shprehëse në regjistrat e lartë. Kulmi shoqërohet me një dialog të fuqishëm mes solistit dhe orkestrës, pas të cilit vepra përfundon me një energji mbresëlënëse dhe triumfuese.
Ndonëse në Koncert nuk ka melodi popullore armene të marra drejtpërdrejt, ndikimi i traditës muzikore armene është thelbësor për karakterin e tij. Ai ndihet në kthesat melodike, gjuhën modale, gjallërinë ritmike dhe sidomos në përdorimin e marrëdhënieve karakteristike intervalore, ndër të cilat edhe sekonda e zmadhuar.
Në melodikë dallohet gjithashtu ndikimi i traditës së ashugëve armenë: liria e improvizimit, frazimi shprehës dhe qasja vokale ndaj melodisë.
Pikërisht në ndërthurjen e koloritit muzikor armen me traditën koncertante evropiane qëndron tërheqja e veçantë e kësaj vepre. Arutjunjani krijon muzikë që është njëkohësisht virtuoze dhe lirike, solemne dhe plot temperament, e rrënjosur thellë në traditën kombëtare, por universale në shprehjen e saj.

Koncerti për trumbetë në La bemol maxhor është sot një nga veprat më të rëndësishme të repertorit për trumbetë dhe interpretohet shpesh në koncerte, konkurse dhe audicione të akademive e konservatorëve prestigjiozë të muzikës anembanë botës. Popullariteti i tij i qëndrueshëm i detyrohet ekuilibrit të jashtëzakonshëm mes virtuozitetit teknik, koloritit të pasur orkestral dhe shprehjes melodike të fuqishme e të drejtpërdrejtë.

Në këtë vepër, trumbeta nuk është vetëm një instrument solistik virtuoz: ajo bëhet bartëse e të gjithë rrëfimit dramatik dhe emocional. Nga fillimi solemn, përmes energjisë së zjarrtë dhe çasteve intime lirike, deri te kulmi i shkëlqyer përfundimtar, Arutjunjani krijon një koncert që, me drejtpërdrejtshmërinë dhe pasurinë e tij tingullore, vazhdon ta magjepsë edhe dëgjuesin bashkëkohor.

Koncert për trumbetë dhe orkestër në La bemol maxhor
ALEKSANDËR ARUTJUNJAN
(23 shtator 1920, Jerevan, Armeni – 28 mars 2012, Jerevan, Armeni)
Poemë simfonike: "Kështu foli Zarathustra", op. 30
RICHARD STRAUSS
(11 qershor 1864, Mynih, Gjermani – 8 shtator 1949, Garmisch-Partenkirchen, Gjermani)

Premiera: Poema simfonike u interpretua për herë të parë më 27 nëntor 1896 në Frankfurt, nën drejtimin e vetë Richard Strauss-it.
Një nga skenat më të njohura kinematografike të të gjitha kohërave, "skena me majmunin", me të cilën nis filmi kult fantastiko-shkencor i Stanley Kubrick-ut "2001: Odiseja hapësinore", shoqërohet nga tingujt e hyrjes së poemës simfonike "Kështu foli Zarathustra" të kompozitorit gjerman Richard Strauss.

Në një shkretëtirë afrikane, majmunët ndeshen me një monolit. Në atë kuadër shihet se si majmuni, nga këndvështrimi i tij tokësor, sheh Diellin dhe Hënën së bashku mbi majën e monolitit. Në këtë kuadër, Kubrick-u vendos themelet e të gjithë filmit... E kush nuk do ta njihte melodinë e trumbetës, e cila ngrihet ngadalë dhe me çdo masë bëhet gjithnjë e më e fuqishme, për të arritur kulmin me goditjet e timpanit? Kjo është "Lindja e diellit". Me tinguj sugjestivë të të ashtuquajturit motiv i natyrës, Richard Strauss krijon një interpretim muzikor të tekstit me të njëjtin titull të filozofit gjerman Friedrich Nietzsche. Tema hyrëse është në Do maxhor, i cili në këtë pjesë përfaqëson kozmosin, universin, përmes tri tingujve bazë C–G–C (tonika, dominantja dhe më pas tonika një oktavë më lart), që simbolizojnë evolucionin njerëzor në tri sfera: Tokë, Diell dhe Hënë. "Lindja e diellit" konsiderohet sot si një nga hyrjet më gjeniale të një vepre në mbarë historinë e muzikës dhe, njëkohësisht, si një nga më të dallueshmet.
Me këtë krijim, kompozitori solli një muzikë të re, që paralajmëron edhe një epokë të re muzikore, në të cilën, për sa i përket teknikës së orkestrimit, tejkalon gjithçka që ishte përfytyruar deri atëherë, përfshirë edhe Wagner-in.
Ndërkaq, vepra e Nietzsche-s (1885) rrëfen për shamanin e moshuar që zbret nga mali i tij mes njerëzve, me dëshirën për të mësuar diçka prej tyre dhe për t'u dhuruar dijen e vet.
Kur zbret në fshat, takon njerëz të ndryshëm, prej të cilëve mëson sekretet e tyre. Në të vërtetë, ai është në kërkim të një njeriu të barabartë me veten, por shumë prej tyre nuk e kuptojnë filozofinë e tij. Pas bisedës me ta, ai pyet veten: "A është e mundur që njerëzit ende të mos e dinë se Zoti ka vdekur?".

Zarathustra është versioni gjerman i emrit të profetit pers Zoroastër, themeluesit të zoroastrizmit, i cili ndikoi fuqishëm në judaizëm e më pas në krishterim. Por Nietzsche paraqet një Zarathustër të ri dhe të ndryshëm, i cili e përmbys moralin tradicional. Prandaj edhe poema e Strauss-it nuk është zgjedhur rastësisht për filmin e Kubrick-ut, duke pasur parasysh se gjatë gjithë filmit vihet në pikëpyetje marrëdhënia e njeriut me Zotin. Më tej, në të gjithë rrëfimin muzikor të Strauss-it përshkohen shumë pyetje, ndër të cilat edhe nëse shkenca do të ofrojë ngushëllim në kuptimin e thelbit të gjërave. Thelbin e aspektit filozofik, më saktë, e gjejmë te "Kënga e vallëzimit" (Das Tanzlied), ku njeriu, përmes vallëzimit, e kapërcen shpirtin dhe, në apoteozën e shpirtit çlirues, bëhet mbinjeri.

Temat e besimit, shkencës, gëzimit, pasionit dhe natyrës janë vazhdimisht të pranishme përmes motiveve të ndryshme muzikore dhe të gjitha mbartin në vetvete mallin që fshihet në pafundësinë e gjithësisë. Deri në fund të jetës së tij, Strauss-i mbeti i bindur për madhështinë e vet si artist, si dhe për faktin se ishte kompozitori i fundit i traditës muzikore perëndimore. Për shkak të refuzimit të muzikës atonale dhe dymbëdhjetëtonëshe, kritika e sulmonte ashpër, por ai vazhdoi me vendosmëri të shkruante në frymën e romantizmit të vonë.

Tekstet:
Tina Ivanova, muzikologe

PROGRAMI I ARDHSHËM:
19.12.2026
KONCERT I VITIT TË RI PËR FËMIJË
24.12.2026
Koncert simfonik gala i Vitit të Ri "Tre tenorët"
Dirigjent:
Attilio Tomasello (Itali)
Solistë:
Bllagoj Nacoski, tenor (Republika e Maqedonisë së Veriut)
Josif Giuseppe Gipali, tenor (Shqipëri, Itali)
Kastriot Tusha, tenor (Shqipëri)
Dëshira Kërliu, soprano (Republika e Maqedonisë së Veriut)
Programi:
Arie të njohura nga repertori klasik operistik